**20221502014**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита на децата,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2022 година.

Бр. 08-2952/1
27 јуни 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), во членот 166-б став (3) во табелата редот 17 се менува и гласи:

„
Д4 неговател/помошно-стручен работник-приправник 224“

Член 2

Одредбата од членот 1 од овој закон со кој во членот 166-б став (3) во табелата редот 17 се менува, а ќе започне да се применува со исплата на мартовската плата во април 2022 година.

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на децата.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.